**СУ-01-64/19**

**Претседателот на Апелациониот суд Битола, Елизабета Манели Ташевска врз основа на чл.39 ст.4 и чл.92 од Законот за судови, по одржаната седница на судии на Апелациониот суд Битола, на 25.12.2019 година, донесе**

# Распоред за работа на судиите и останатите вработени во Апелациониот суд Битола за 2020 година

При утврдувањето на Распоредот за работа за 2020 година во Апелациониот суд во Битола, пополнети се 20 судиски места заедно со Претседателот на судот, од вкупно предвидените 25 судиски места, согласно Одлуката за бројот на судии на Судскиот совет на Република Македонија, на еден судија член на судскиот совет на Република Македонија, местото на судија му мирува. Во текот на 2020 година, неопходно потребно е прием на еден судија кој што ќе работи во Кривичниот оддел бидејќи во одделот работат 4 судии и советот од 5 судии се надополнува од судиите кои што работат во Граѓанскиот оддел. Исто така, потребено е да се изврши избор и на судија кој што ќе работи во Граѓанскиот Оддел заради формирање на комплетни пет совети од по тројца судии, со цел да се задржи квалитетот и квантитетот во работењето на Судот.

Тенденцијата и заложбата за намалување на заостатокот на предмети и решавање на месечниот прилив на предмети, ќе продолжи и во 2020 година, судиите во претходните години во континуитет го решаваа приливот на предмети, ја остваруваа определената ориентациона норма, остварувајќи резултати во работењето и над предвидената норма.

Во текот на 2019 година, судот работеше со 16 стручни соработници, во втората половина на месец декември 2019 година е вработен уште еден стручен соработник. Во 2020 година ќе има потреба од вработување на 2 стручни соработници.

Кај административно техничкиот персонал во текот на 2020 година, неопходни се вработувања од најмалку 3 дактилографи.

Заради примената на одредбите од ЗПП и новиот ЗКП за одржување на расправи по предметите, покрај целосно опремена една судница, потребно е опремување на уште една судница со аудиовизуелна опрема за потребите на Кривичниот оддел.

Во текот на 2019 година, остана непроменета состојбата со работните простории, која што не е соодветна, бидејќи 22 простории од судската зграда се користени од Обвинителствата, така што дел од судиите и судските соработници работат во лоши просторни услови.

Во вакви услови за работа, Претседателот на Судот го предлага следниот Распоред за работа на Апелациониот суд во Битола за 2020 година:

## 1. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ

Претседателот на судот го претставува Судот, ја организира работата и презема мерки за уредно вршење на работата во Судот и ја обезбедува примената на Судскиот деловник.

Претседателот на Судот постапува по предметите по уписниците: „СУ“- Судска управа, „СУ“ од 1-7, „СУ ДОВ“ и „СТР ДОВ-довериливо и строго доверливо“, „ИЗЗ“ -уписник за изземање и по уписникот „УПП“ претставки и предлози.

Претседателот на Судот ги свикува седниците на судиите најмалку еднаш месечно на кои се разгледуваат месечните изештаи, тримесечните, шестмесечните и едногодишниот извештај за работата на Судот, како и други прашања во врска со работата на Судот и на Основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Битола.

За организационите проблеми, за судската управа и за проблемите со решавањето на предметите, особено за динамиката на решавање на старите предмети, Претседателот на Апелациониот суд Битола одржува состаноци со Претседателите на Основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Битола.

Претседателот на Судот, дава конкретни податоци по предмети за секој судија, доколку има појава на судење во неразумен рок во жалбена постапка и тоа: податок кога предметот е примен кај судијата, кога го решил и дали го напишал во рокот определен со процесните закони и Програмата на Судот. Претседателот на судот и Работното тело за следење на решавањето на старите предмети од секој судија бараат писмен извештај за отстапувањето во решавањето на предметите во роковите предвидени во процесните закони, Законот за управување со движењето на предметите во судовите и Програмата за работа на Апелациониот суд Битола. Претседателот на Судот врши и други работи предвидени со Законот за судовите, Законот за управување со движење на предмети во судовите и Судскиот деловник.

## 2. ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ

За Заменик на Претседателот на Апелациониот суд Битола се определува судијата **Љиљана Чочковска.**

Покрај редовната судиска работа, заменикот на Претседателот во отсуство на Претседателот или негова спреченост, во целост ја врши функцијата на Претседател на Судот.

Во Апелациониот суд во Битола согласно чл.12 од Законот за судови формирани се оддели и тоа: Кривичен, Граѓански и Оддел за судска пракса.

Се формираат и други организациони единици:

- Одделение за стручна служба,
- Одделение за информатика
- Одделение за материјално и финанско работење
- Одделение за човекови ресурси и

## 3. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Во Кривичниот оддел ќе се решаваат предметите од Уписникот „КЖ"-второстепени кривични предмети; од Уписникот „КЖМ"-второстепени кривични предмети против малолетници; во уписникот „КСЖ" - предмети од кривичен совет; од уписникот „КР" - разни кривични предмети и од Уписникот „ПРКЖ"- второстепени прекршочни предмети.

За Претседател на кривичниот оддел се определува судијата **Љиљана Чочкова.**

Претседателот на Кривичниот оддел определува записничар на одделот од редот на стручните соработници распределени во одделот за 2020 година, ја изготвува Програмата за работа на Одделот, како и Распоредот за работните посети на Основните судови во текот на годината.

Во Кривичниот оддел се распоердуваат 4 судии во совети и тоа:

-Совет во состав:

1.Љиљана Чочковска - Претседател на совет,
2.Александар Камбовски - Член на совет,

- Совет во состав:

Ружица Иваноска - Претседател на совет,
Анита Милошевска- Член на совет,

За трет член во советите по систем на ротација ќе учествуваат судиите од другиот совет.

Во Крвичниот оддел се формира совет од 5- мина кои го сочинуваат судиите:

-Љиљана Чочковска - Претседател на совет

-Ружица Иваноска - Член на сосвет

-Анита Милошевска - Член на совет

-Александар Камбовски - Член на совет

Петтиот член на советот ќе го определува Претседателот на советот по систем на ротација од судиите на Граѓанскиот оддел, во отсуство на било кој член на советот, Претседателот на Судот ќе определи негов заменик.

За постапување по предметите против малолетни лица се формира совет за деца во состав од судиите:

- Анита Милошевска- Претеседател на совет

- Ружица Иваноска- Член на совет

- Александар Камбовски - Член на совет.

Вишиот судски соработник Љиљана Стојковиќ и помладиот соработник Борче Коруновски се распределуваат во Кривичниот совет чиј што претседател е судијата Љиљана Чочковска и судијата Анита Милошевска

Советникот Митко Фидановски, судскиот соработник Елена Журовска и судскииот соработник Благица Иванова, се распределуваат во Кривичниот совет чиј што претседател е судијата Ружица Иваноска.

## 4. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Во Граѓанскиот оддел се решаваат предметите од уписникот „ГЖ"-второстепни граѓаннки предмети, уписникот „ТСЖ" - второстепени предмети по трговски спорови, второстепени предмети од работни спорови - „РОЖ" и разни граѓснки предмети „Р".

За Претседател на Граѓанскиот оддел се определува судијата **Лиле Наумовска.**

Претседателот на Граѓанскиот оддел определува записничар на Одделот од стручните соработници определени за работа во Граѓанскииот оддел за 2017 година и изготвува Програма за работа на Одделот, како и Распоред на работните посети на Основните судови.

Во Граѓанскиот оддел се распоредуваат 14 судии кои работат во пет совети и тоа.

Граѓански совет во состав:

1. Лиле Наумовска - Претседател на совет,
2. Меџит Шазимани - Член на совет,
3. Виолета Костовска - Член на совет.

Граѓански совет во состав:

1. Петре Србиновски- Претседател на совет,
2. Жаклина Доведен - Член на совет,
3. Васил Баткоски- Член на совет.

Граѓански совет во состав:

1. Аце Бакиевски - Претседател на совет,
2. Никола Крстески - Член на совет,
3. Ристе Ристевски - Член на совет

Граѓански совет во состав:

1. Татјана Сусулеска - Претседател на совет,
2. Пакизер Алиоска - Член на совет,

Како трет член во советот ќе учествуваат судиите од другите совети по систем на ротација по месеци, така што:

- за месеците јануар, февруар и октомври трет член на советот ќе биде член од советот чиј што Претседател е судијата Петре Србиновски,

- за месеците март, април и ноември трет член на советот ќе биде член од советот чиј што Претседател е судијата Лиле Наумовска,

- за месеците мај, јуни и декември трет член на советот ќе биде член од советот чиј што Претседател е судијата Аце Бакиевски,

- за месеците јули, август и септември трет член на советот ќе биде член од советот чиј што Претседател е судијата Петкана Јадровска.

Граѓански совет и совет за работни спорови во состав:

1. Петкана Јадровска - Претседател на совет
2.Славица Мирковска - Член на совет
3.Бошко Богдановски - Член на совет.

Судиите Петкана Јадровска, Славица Мирковска, ќе добиваат предмети од „РОЖ" Упинискот, судијата Петакана Јадровска ќе биде Претседател на совет при одлучувањето на тие предмети, а судијата Бошко Богдановски ќе добива предмети од ГЖ, ТСЖ и Р уписникот и ќе ги работи стечајните предмети по жалба, судијата Бошко Богдановски ќе биде Претседател на совет при одлучувањето на тие предмети.

Заради подеднаква оптеретеност и ангажираност на сите судии во Граѓанските совети, сите судии со автоматска распределба ќе добиваат предмети по уписниците „ГЖ", „ТСЖ" и „Р".

Распределбата на предметите ќе се врши рамномерно по секој уписник, автоматската распределба ќе ја врши водителот на писарницата Љубица Колевска, во нејзино отсуство друг вработен во писарницата по одлука на Судскиот администратор.

Во Граѓанскиот оддел се распоредуваат:

1.Лидија Елисковска - виш судски работник,
2.Васил Кондовски -советник,
3.Марија Димановска - советник,
4.Елена Пачкова - судски соработник
5.Биљана Мамузиќ - советник,
6.Александра Ристевска- судски соработник,
7.Соња Каранфиловска Тукиќ- судски соработник,
8. Јасмина Лозановска- виш судски соработник
9.Христина Чагорска - виш судски соработник,
10.Петар Чаловски - помлад судски соработник

11.Иван Колевски - судски соработник.
12.Александра Ѓорѓиевска- судски соработник

Во советот чиј што Претседател е судијата Лиле Наумовска се распоредуваат:

1. Александра Ристевска - судски соработник и
2. Марија Димановска - советник.

Во советот чиј што Претседател е судијата Петре Србиновски се распоредуваат:

1. Јасмина Лозановска - виш судски соработник и
2. Лидија Елисковска - виш судски соработник,

Во советот чиј што Претседател е судијата Аце Бакиевски се распоредуваат:

1. Билјана Мамузиќ- советник,
2. Александра Ѓорѓиевска - судски соработник

Во советот чиј што Претседател е судијата Татјана Суслеска се распоредуваат:

1. Иван Колевски - судски соработник,
2. Елена Пачковска- судски соработник

Во советот чиј што Претседатели се судиите Петкана Јадровска, се распоредуваат:

1. Васил Кондовски - советник,
2. Соња Каранфиловска Туциќ - судски соработник,

Во текот на годината судиите и стручните соработници можат да се распоредуваат во други оддели и совети, во зависност од приливот на предметите, како и останатиот административно технички кадар, кој што може да биде распределен согласно Актот за систематизација на работните места во Апелациониот суд Битола.

## 5. РАСПОРЕД НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО ГРАЃАНСКИОТ ОДДЕЛ

Во Граѓанскиот оддел предметите се распоредуваат согласно АКМИС програмата автоматски.

Укинатите предмети од Одделите кои повторно доаѓаат во жалбена постапка пред Апелациониот суд Битола, како и административно вратените предмети на првостепените судови, по нивното враќање во Апелациониот суд Битола, ќе ги работат истите судии кај кои претходно биле распределени во работа пред укинувањето и пред административното враќање на предметите.

Предметите кои повторно доаѓаат во жалбена постапка, а ги работеле судии кои

повеќе не работат во Судот, ќе се распоредуваат кај сите судии во зависност од обласга на предметите и Распоредот на судиите по совети, согласно АКМИС програмата.

Судиите во текот на месец јануари 2020 година, со одговорните судски службеници, водители на уписници, ќе ги проверат сите административно вратени предмети во 2019 година и доколку некој предмет не е вратен, ќе се испрати ургенција до Судот за негово итно враќање, како би можел да се реши по поднесената жалба како приоритетен, до Претседателот на Судот ќе се достави известувањето за пратената ургенција.

Согласно Судскиот деловник, по завршувањето на сите административни работи со предметите, евиденција, заведување и слично, вработените во писарницата се должни веднаш да ги предаваат предметите на судиите со доставна книга, а судиите се должни веднаш по приемот електронски да ги прифатат.

По изготвувањето на одлуката и нејзиното потпишување од сите членови на советот, истиот ден судиите се должни да ја верифицираат одлуката по претходна проверка, дали во Програемата е внесено се што треба како податок согласно обврската за водење на статистика, да проверат дали записниците за советување и гласање се изготвени, со цел предметот да се разведе и експедира на Основниот суд од каде е примен.

Пишувањето и предавањето на предметите за претходниот месец да се врши најкасно последниот работен ден од тековниот месец, без разлика кој ден од неделата е.

Секој судија е должен пред потпишувањето и предавањето на потпис на предметот на Престедателот на советот, истиот да го провери и да ги отстрани сите грешки и недостатоци во пишувањето, во спротивно Претседателот на советот има овластување предметот да го врати на судијата и истиот да не го потпише.

## 6. СЕДНИЦИ НА СОВЕТИТЕ.

Седниците на советите започнуваат во времето што ќе го определат Претседателите на советите, заради рационално и ефикасно користење на работното време.

За време на користење на годишните одмори од 15-ти јули заклучно со 15-ти август, судијата известител по предметот ќе биде Претседател на советот.

Предметите по кои има иземање на судија известител, автоматски се распределуваат на судиите кои работат на тој вид предмети, освен кога се определува втор член или Претседател на совет, кога Претседателот на Судот определува кој судија ќе биде определен да постапува после уваженото барање за иземање.

Во случај на спреченост на Член на советот, Претседателот на Судот или неговиот заменик, со решение определува Член на советот и притоа се внимава на подеднаква оптовареност на судиите.

## 7. ВО КРИВИЧНИТЕ СОВЕТИ СЕДНИЦИТЕ ЌЕ СЕ ОДРЖУВААТ И ТОА.

Кривичниот совет каде Претседател е судијата Љиљана Чочковска, седниците ќе ги одржува во понеделник и среда, во Кривичниот совет каде претседател е судијата Ружица Иваноска седниците ќе се одржуваат во вторник и четврток,

Советот од петмина седници ќе одржува во петок, а по потреба и во друг ден во зависност од итноста на предметот.

Претрес во втор степен или јавна седница ќе определува Претседателот на советот.

Седниците на советите се одржуваат во судниците за судење на Апелациониот суд Битола.

Судијата за деца го определува денот и часот за одржување на седницата.

Претресите во втор степен, јавните седници и судењата во совет од петмина, се пријавуваат кај Техничкиот секретар на Претседателот.

## 8. ВО ГРАЃАНСКИТЕ СОВЕТИ СЕДНИЦИТЕ ЌЕ СЕ ОДРЖУВААТ И ТОА:

Во понеделник и среда седници ќе одржуваат советите на Претседателите на советите и тоа: Татјана Сусулеска, Лиле Наумовска и Петкана Јадровска.

Во вторник и четврток седници ќе одржуваат советите чиј што Претседатели се судиите и тоа: Петре Србиновски и Аце Бакиевски.

Расправите во советите од Граѓанскиот оддел ги закажува Претседателот на советот во деновите определени за одржување на седница на советот, во координација со Претседателите на советите, кои во истиот ден одржуваат седници и ги пријавуваат кај техничкиот секретар на Претседателот, заради обезбедување на судница.

За учесниците во постапките кои имаат електронско сандаче, поканите задолжително се доставуваат електронски и непочитувањето на оваа законска обврска, предизвикува одредени последици.

Записничарот на седниците на советот го определува Претседателот на советот од редот на судските соработници кои се распределени во тој совет и тоа месечно.

За седниците на сите совети во АКМИС програмата во модулот Запис, се внесуваат сите податоци предвидени во Судскиот деловник и процесните закони.

Според одредбите од ЗКП и ЗПП, советувањето и гласањето при решавањето на конкретните предмети е тајно и на него учествуваат членовите на советот и записничарот. Донесената одлука е службна тајна, се додека не се експедира бидејќи, се дотогаш одлуката може да се пререферира и измени.

Записникот за советување и гласање ги содржи истите податоци како и записот со

целата изрека на донесената одлука.

Претседателите на советите со записничарот го пополнуваат формуларот кој е објавен на внатрешната ВЕБ страна и го доставуваат до Претседателот на Судот заради превземање на одредени мерки, за спречување на :

- Застој по конкретен предмет, кога претседателите на советите и записничарот ќе го пополнат формуларот објавен на внатрешната ВЕБ страна и ќе го достават до Претседателот на Судот заради превземање на понатамошни мерки за спречување на таквите состојби.

-За негативните појави во врска со постапувањето на судиите од Основните судови по напатствијата на Овој суд, заради надминување на таквата состојба.

-За нови карактеристични правни становишта по одредени прашања за кои ќе се запознаат останатите совети од истата област, по потреба ќе се иницираат правни прашања на Одделот.

-Кога се забележува погрешна примена на процесното и материјалното право на првостепените судови, посебно за причините на одоговлекување на постапката во првостепените предмети, како и други работи значајни за изедначување на судската пракса и за унапредување на работата на судовите.

Согласно Судскиот деловник, судиите на Апелациониот суд Битола, не примаат странки, нивни полномошници и други лица во врска со предмети кои се во тек пред Овој суд по жалба.

Од страна на судиите и стручните соработници, не се дозволени известувања во врска со постапката пред овој суд, одлуките, како и давање на правна помош и мислења.

## 9. СЕДНИЦИ НА ОДДЕЛИ

Седниците на Одделите се одржуваат еднаш месечно, по потреба и почесто согласно одредбите од Судскиот деловник. На седницата на Одделите се разгледуваат:

- Одлуките на Европскиот суд на човекови права во Стразбур и одлуките на Врховниот суд на Република Македонија, донесени по тие одлуки.

- Правни прашања кои се иницираат од судија, советник, судски соработник, заради заземање на одредени правни становишта по спорни правни прашања и изедначување на судската пракса.

- Иницирање на правни прашања од соодветна област при средби на Апеалционите судови во РМ заради изедначување на судската пракса во РМ.

- Разгледување на правни прашања од Основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Битола,

- Разгледување на Нацрт закони и измени на закони; а

- Разгледување анализи, иформации и укажувања, кои се доставуват до соодветните институции во РМ;

- Разгледување на вратени одлуки од Врховен суд на РМ, редовни и вонредни правни средства;

- Разгледување на работата на Одделите во текот на годината, поднесување извештај на крајот на годината за работата на Одделот до 15-ти 01-ви наредната година,;

- Разгледување и одобрување на материјалите што треба да влезат во Билтенот на судската пракса на Апелациониот суд Битола и други работи кои што ќе се јават како потребни.

**10. ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКСА И ЕВИДЕНЦИЈА**

Одделот за судска пракса ја усогласува работата на судските оддели во врска со евиденцијата и воедначувањето на судската пракса.

За претседател на Одделот за судска пракса и евиденција се определува судијата **Татјана Сусулеска.**

Одделот за судска пракса се состанува еднаш месечно, зависно од потребата и почесто, за седниците се води записник, со седниците раководи Претседателот на Одделот судијата Татјана Сусулеска.

На седницата на Одделот се донесува План за следење на судската пракса и општествените појави и односи, за нивно проучување  и се составуваат предлози по прашања што се изнесуваат на седниците на одделите заради заземање на ставови и воедначување на судската праска.

На внатрешната ВЕБ страна објавен е формулар за судска пракса кој Претседателите на советите го пополнуваат откако советот ќе оцени дали одлуката треба да биде обележана како пример во судската пракса.

Претседателите на  Одделите со претседателот на Одделот за судска пракса, го определуваат начинот на кој Одделението за судска пракса ги евидентира правните мислења прифатени на седниците на одделите и начинот на евиденција на судската пракса.

Во Одделот ќе се евидентираат:

- Одлуките на Европскиот суд за човекови права во Стразбур;

- Одлуките на Врховниот суд на РМ во кој има нови правни ставови;

- Стручни трудови и осврти објавени во Билтенот на судската пракса на Врховен суд на РМ и збирката на судскиослуки, како и начелни ставови на Врховниот суд;

- Заземени правни ставови на Одделите во Апелациониот суд Битола по одделни правни прашања иницирани во Апелациониот суд  Битола и од Основните судови од подрачјето на Овој суд;

-Заеднички правни ставови на ниво на Апелациони судови на РМ;

-Анализи, информации и укажувања од Апелациониот суд Битола и Основните судови на подрајчето на Овој суд;

-Сентенци, осврти и други материјали за Билтенот на судска пракса на Апелациониот суд Битола;

- Материјали за едукација на судиите и стручниот кадар на ниво на Апелационен суд Битола и други материјали од важност за судската евиденција и пракса,

Во Одделот за судска пракса за 2020 година се определуваат судиите - Претседатели на Оддели, со нив ќе работат стручните соработници определени во советите во кои што тие работат.

Со Претседателот на Одделот за Судска пракса, се распределуваат да работаат:

- помладиот судски соработник **Петар Чаловски,** за периодот од 01.01.2020 година заклучно до 01.04.2020 година, после што се распределува да работи во советот чиј што Претседател е судијата Татјана Сусулеска.

- судскиотот соработник **Иван Колевски**, за периодот од 01.04.2020 година заклучно со 01.07.2020 година, после што се распределува да работи во советот чиј што Претседател е судијата Лиле Наумовска.

-судскиот соработник **Александра Ристевска** за периодот од 01.07.2020 година заклучно со 01.10.2020 година, после што се распределува да работи во советот чиј што Претседател е судијата Аце Бакиевски.

- советник **Билјана Мамузиќ,** за периодот од 01.10.2020 година заклучно со 01.01.2021 година.

Евиденцијата на материјалот во Судската библиотека ќе ја внесува судскиот референт Трајанка Бошевска, на начин што ќе го определат судиите од Отсекот за судска евиденција и пракса.

Судскиот референт - дактилограф Сузана Стојковска ќе ги анонимизира одлуките изготвени од судиите и стручните соработници во Кривичниот оддел и одлуките изготвени од судиите во Граѓанскиот оддел. Одлуките изготвени од стручните соработници во Граѓанскиот оддел ќе ги анонимизира Оливера Србиноска.

Надзор на работата за евиденција води судијата Татјана Сусулеска.

Потребата од стручна литература ја предлагаат судиите и стручните соработници од соодветната област, за што се известува Претседателот на Судот кој одлучува за набавката на стручниот материјал.

Во 2020 година се планира да се издаде Билтен во Апелациониот суд Битола по претходна верификација на материјалот за Билтенот на двата оддели на судот и на редакцискиот одбор, кој ќе биде избран на седниците на двата оддели. Материјалот за 2020 година за Билтенот да се изготви, разгледа и одобри на Оддели најкасно до

01.10.2020 година, а до 15.11.2020 година Одделението за судска пракса да го систематизира и подготви за предавање на редакцискиот одбро. Претседателите на Кривичниот, Граѓанскиот оддел и Престседастелот на Одделот за судска се должни на крајот на годината да изготват извештаи за својата работа и да го достават до Претседателот на Судот, заради внесување на истиот во Годишниот извештај за работата на Судот.

## 11. СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР

Врз основа на чл.100 од Законот за Судовите Судски администратор е **Илија Николовски,** кој соработува со Претседателот на Судот во врешење на работата од судската управа и извршува и други работи и задачи кои ќе му бидат доверени од Претседателот на Судот.

Во отсуство на Судскиот администратор негов заменик е советникот Ањеза Ивановска.

## 12. РАСПОРЕД НА РАБОТА НА СУДСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Во текот на 2020 година, вработените судски службеници ќе работаат според следниот распоред:

1.Теодора Андреевска - советник информатичар,

2. Љубица Колевска - самостоен референт (Водител на судска писарница)

3. Виолета Дурбаковски - самостоен референт (водител на уписник „РОЖ" , „ТСЖ" и „Р",

4.Снежана Дамјановска - виш референт (Водител на уписник „ГЖ", Граѓански оддел).

5. Мазес Ибрахим -судски соработник - преведувач- толкувач, водител на уписник „КЖ", „КСЖ", „ЈЖМ" , ПРКЖ" и „КР".

6. Дејан Степановски - помошник информатичар,

7. Билјана Јанакиева - помлад судски референт,

8.Гордана Петровска- помлад судски референт - за прием и експедиција,

9. Лидија Сотирова - самостоен референт - технички секретар на Претседателот.

10. Јулијана Стојановска- самостоен судски референт одговорен сметководител

11. Соња Тромбева - виш референт (благајник)

12. Трајанка Бошевска - помлад судски референт

13. Оливера Србиноска- судски референт -дактилограф

14. Маре Матиќ - судски референт -дактилограф

15. Розита Петровиќ - судски референт -дактилограф

16. Сузана Стојковска - судски референт -дактилограф

17. Стојанка Илиевска - судски референт -дактилограф

18. Кети Лазаревска - судски референт -дактилограф

19.Наташа Христовска - судски референт -дактилограф

20. Светлана Цветановска - судски референт -дактилограф

21. Валентина Бачевска - судски референт -дактилограф

22. Менка Настовска - судски референт - дактилограф

23. Маргарита Јанкуловска - судски референт -дактилограф

24. Емилија Хаџиевски - помлад судски референт доставувач

25. Гоце Ивановски- помлад судски референт доставувач

26.Стојанчо Трајковски - помлад судски референт

27. Виолета Јосифовска - помлад референт одржувач на хигиена

Трајанка Бошевска референт дактилограф, во случај на потреба ќе го заменува Техничкиот секретар на Претседателот - Лидија Сотирова.

Стојанчо Трајковски - помлад судски референт ќе ги извршува работите на економатот.

**13. ВРАБОТЕНИ ВО АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА ВО СУДСКАТА ПОЛИЦИЈА**

Николче Ристевски - судски полицаец,

Драган Симоновски - судски полицаец,

Илија Дамјановски - судски полицаец,

Владимир Литовски - судски полицаец,

Антонио Бучиновски - судски полицаец,

Иван Стојановски - судски полицаец,

Сашко Кузмановски - возач и судски полицаец,

Горанчо Пејовски - судски полицаец

**14. ПОМОШНИ АДМИНИСТРАТИВНО ТЕХНИЧКИ СЛУЖБЕНИЦИ КОИ НЕМААТ СТАТУС НА СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ**

Мендо Филиповски - лозач - хаусмајстор

Мери Матевска - одржувач на хигиена

Татјана Кочовска - одржувач на хигиена

Судските полицајци работата треба да ја обавуваат по Правилникот и Планот за работа и извршената едукација.

Судските полицајци оружјето со кое се задолжени ќе го носат за време на работата во Судот и истото ќе го чуваат заклучено во Судот и не смеат да го изнесуваат надвор од Судот.

Во текот на годината Претседателот на Судот може да врши измени или дополнување на Овој Распоред целосно или во негови одредени делови.

Овој Распоред ќе се применува од 01.01.2020 година, се до неговата измена или дополнување.

Распоредот за работа на Апелациониот суд Битола за 2020 година да се стави на Судскиот ВЕБ портал на Апелациониот суд Битола, заради запознавање на судиите и останатите вработени со истиот и на Сајтот на Апелациониот суд Битола.

Претседател на Судот,
Елизабета Манели Ташевска